Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА ВО ОПШТИНА МАВРОВО-РОСТУШЕ




Автори:
**Фадрија Мустафовска, Анела Абдуловска**
Партнерска организација:
**Здружение Радика-ДЕ**

Ментори:
Др. **Марија Ристеска**
М-р **Емил Шурков**
М-р **Ристе Јуруковски**


Чувар(к)и на јавно ќесе за родово одговорен буџет е активност која се спроведува во рамките на проектот „Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2013-2016)„ на UN Women финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

# РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЖЕНСКИТЕ ДЕЦА ВО ОПШТИНА МАВРОВО-РОСТУШЕ


Автори:

**Фадрија Мустафовска, Анела Абдуловска**

Партнерска организација:

**Здружение Радика-ДЕ**

Ментори:

Др. **Марија Ристеска**

М-р **Емил Шурков**

М-р **Ристе Јуруковски**



"Содржината на оваа публикација е одговорност на Здружение Радика -ДЕ и таа во никој случај не ги одразува ставовите на UN Women, Австриската развојна агенција, Швајцарската агенција за соработка и развој, и ЦИКП Консалтинг ДОО"

## Содржина


1. Вовед .... 4
2. Методологија .... 5
3. Институционален контекст и рамка на јавни политики .... 5
4. Опис на конкретната политика .... 7
5. Опфат, корисници, чинители .... 9
6. Буџетска анализа и главни наоди .... 12
7. Добри примери и практики .... 14
8. Заклучок и препораки .... 14
9. Препораки .... 15
10. Литература .... 15


## Листа на табели


**Табела 1** - број на запишани ученици по класови за учебната 2016/2017 во Гиманзијата Маврово-Ростуше .... 9

**Табела 2** - Број на ученици - матуранти 2015/2016 година на територијата на општина Маврово Ростуше .... 9

**Табела 3** - Број на очекувани матуранти од средните училишта (2015-2017) во гимназијата Маврово Ростуше .... 10

**Табела 4** - Број на запишани студенти по населени места од Општина Маврово - Ростуше за последните три академски години .... 10


## Листа на графици


**График 1** - Број на запишани студенти (во %) од општина Маврово - Ростуше за последните три академски години .... 10

**График 2** - Интерес за трансфер од средно кон високо образование за средношколците во гимназијата Маврово - Ростуше .... 11




## 1. Вовед

Општина Маврово и Ростуше се наоѓа во западниот дел на Македонија. Како погранична општина, на запад се граничи со Албанија, а на северозапад со Косово, зафаќа површина од 682 км$^2$ и е една од трите територијално најголеми општини во нашата држава. Главна одлика на оваа општина е ридско - планинската структура на земјиштето, со 12,99 населеност по км$^2$. Релјефот, климата, местоположбата, културните и природните богатства ја прават општината вистинска туристичка атракција за поширокиот регион, а сето тоа е причина повеќе да биде посетувана како од домашни, така и од странски туристи. Седиштето на општината се наоѓа во с. Ростуше, каде се наоѓаат и сите локални и државни институции кои функционираат во оваа општина. Општината според податоците кои се достапни на нејзината веб страна, брои 8.910 жители од кои 4.442 мажи и 4.468 жени, кои живеат во вкупно 42 населени места со 2.315 домаќинства. Примарна економија на ова население му е земјоделие, градежништво , производство на храна, а традиционално овој крај е и печалбарски.

**Клучни наоди**

Општината Маврово Ростуше функционира релативно добро, градејќи партнерски однос, со сите државни и локални соработници, партнери, НВО, бизнис заедницата и други.

Во рамките на своите програми и буџетски алокации има реализирано мерки и активности кои се во насока на РОБ ,но сепак не е воспоставена родова рамнотежа во тие процеси.

Образовниот процес е одвива непречено и забележан е голем напредок,дури 95%од женските деца транзитираат од основно во средно образование последните 3 години.

Родова нееднаквост е забележителна во транзицијата од средно во високо образование и таа е 74%за машките наспроти 26% за девојките .

Општината има можност преку својот буџет да стимулира секоја година по 10 студентки од ранливи категории ,и истото би ја чинело 316.700 ден. – средства како дел од ставки К40425, 464110, 464990.[1]

Општина Маврово - Ростуше е атрактивна, економски развиена и конкурентна туристичка дестинација препознатлива по своите културни и природни убавини. Како стабилна општина со можности за инвестирање, ги применува принципите на одржлив развој и добро владеење. Институционално добро е поставена и има постигнато добри резултати во повеќе области од нејзиното работење. Значително намалениот наталитет и миграцискиот процес кој го зафати регионот во текот на последните години има директно влијание и врз развојот на оваа општина. Исто така иселувањето во голема мера негативно се одрази и во процесот на образованието на младите од оваа општина и голем дел од нив иднината ја бараат надвор, во една од Западно европските држави.

[1] http://www.mavrovoirostuse.gov.mk/

## 2. Методологија

Проблемот со образованието посебно на женските деца во општина Маврово - Ростуше е една од главните причини за недоволната застапеност на жената во сите сфери на општественото живеење. Од тука произлегува потребата од истражување и идентификување на причините за состојбата. Евалуацијата подразбира согледување на фактичката состојба, како и вклученост на сите засегнати страни кои можат да придонесат во постепено надминување на проблемите. Целта на овој процес е да се утврдат потребите, да се анализираат буџетските капацитети и да се предлагаат мерки за тоа како локалната самоуправа може да излезе во пресрет на потребите кои мажите и жените ги имаат во оваа општина.

Истражувањето се темели на директни контакти, користење на интернет портали и средби со повеќе чинители како: претставници од локалната самоуправа - сектор образование, директорите на сите училишта, со претставници од подрачната единица на инспекторатот за образование, како и повеќе родители, младинци и граѓани од општина Маврово Ростуша.

Истражувањето беше фокусирано на следните прашања од интерес:

- 1. Каков е статусот на образованието на женските деца во општина Маврово - Ростуше?
- 2. Каква е праксата на информирање и консултации заради испитување на потребите и прибирање предлози за мерки од жените?
- 3. Дали и на кој начин механизмите за унапредување на РОБ се вклучуваат во консултации,планирање и одлучување?
- 4. Какви мерки и активности се планираат во годишните планови и буџетските алокации на ЕЛС за одговор на потребата од зголемување на бројот на образован женски кадар со акцент на високото образование?

## 3. Институционален контекст и рамка на јавни политики

Општина Маврово – Ростуша е локална управа со градоначалник Мукрем Мехмеди и Општински совет кој броjи 11 члена. Во рамките на Локална самоуправа функционираат повеќе сектори/одделенија, како што се: сектор за образование, сектор за локален економски развој, сектор за урбанизам, сектор за социјална заштита, сектор за економија, сектор за односи со јавноста и др. Како институција во целост добро функционира, градејќи партнерски однос со граѓаните и сите државни и локални соработници и партнери. Во рамките на своите надлежности посебен акцент става во секторот образование кој со влегувањето на општината во втората фаза на децентрализација сите надлежности, освен платите за вработените, се во нејзина надлежност. Работи транспарентно и сите случувања, проектни активности, сите јавни политики се во целост достапни за јавноста на веб страната на општината. Сите постигнувања на културен и образовен план, инфраструктурни проекти, заклучоци и одлуки што се носат на седниците на совет се достапни на сајтот. Исто така соработката и реализацијата на проекти имплементирани од страна на НВО секторот за нив се доста прифатливи и интересни, посебно кога таргет група се поранливите групи на граѓани меѓу кои спаѓаат и жените и младите. Во соработка со нив изготвени се и достапни за јавноста сите програми, како што се програмата за јавно здравје, програмата за работа на општинската младинска организација, програмата за климатски промени, програма за заштита и спасување од пожар, програма за социјална заштита и др.[2]

Успешно работи на полето на култура и традиционално организира културни настани како што се: Галичка свадба, Реканско лето, Питијада, Рекреативен викенд во Маврово, како и Традиционалните патронати за училиштата. Меѓу успешно реализираните проекти ќе ги споменеме: Учеството на Спортски Бон –Тон, набавка на 6 паметни табли за училиштата, изградба на спортска сала и спортско игралиште, проектот Топол културен бран и др. Општината исто така одлично соработува и со МЦЕО , со Македонско женско лоби, Здружението за локален и рурален развој, и други локални организации кои заедно со општината допринесуваат во промени кои им овозможат квалитетен живот на граѓаните кои живеат таму. Според нашите досегашни анализи општина Маврово Ростуше има пракса да спроведува мерки и активности во насока на напредок и поддршка на одредени целни групи, со цел нивно унапредување а во исто време и да поддржи економски и културен развој на регионот. Исто така во голема мера соработува и со многу институции, со бизнис заедницата, а посебна соработка има со граѓаните и поддржува многу граѓански иницијативи чија цел е задоволување на човековите потреби и јакнење на довербата меѓу самите граѓани.

Образовниот процес во општина Маврово Ростуше се одвива во 4 основни училишта (ОУ Блаже Коневски с. Скудриње ,ОУ Денче Дејаноски – Маврови Анови, ОУ Ѓорѓија Пулески с. Ростуше,и ОУ Јосип Броз Тито с. Жировница) и едно средно училиште СОУ ,,Маврово Ростуше". Значително намалениот наталитет и миграциските процес кој го зафати регионот во текот на последните години има директно влијание и врз работата на училиштата заради што бројот на ученици се намали за 25%. . Според анализите последниве неколку години значително е пораснат бројот на запишани средношколци дури над 95% од основците го продолжиле своето школување и во средните училишта ,што според надлежните се должи на законската обврска, и мерките за бесплатно школување и набавка со учебници, како и обезбедениот транспорт за учениците. Од податоците што ги анализиравме заклучокот е дека повеќето машки деца го продолжуваат гимназиското образование ,додека повеќето девојки се одлучуваат за средно стручно (претежно медицинско, економско и сл.).

Како што погоре споменавме секторот образование со децентрализацијата е под надлежност на општината со исклучок на плати за вработените. Што значи сите блок дотации се слеваат во општинското кесе , а потоа наменски се распределуваат по училиштата. Но иако општината работи на разни проекти чија цел е подобрување на квалитетот на образованието, сепак постои некаков јаз кој резултира со

[2] http://www.mavrovoirostuse.gov.mk/
[3] http://www.mavrovoirostuse.gov.mk/?page_id=41

родова нерамнотежа и во процесот на вработување, и во процесот на образование  и во процесот на именување на раководни позиции. Тоа значи дека жената и понатаму е дискриминирана , можеби не во целост, но сепак мажите предничат и во советот на општина и во раководните позиции, во вработувањето, во креирањето на локалните политики, па и во процесот на образованието посебно високото образование. Токму затоа сметајќи дека образованието е клучот во развојот на едно општество ние како граѓанска организација во рамки на имплементација на проектот ,,Чуварки на јавно кесе ,, си ставивме за цел да го истражуваме образовниот процес и состојбата  на женските деца од општина Маврово - Ростуша во тој контекст.

Она што е во интерес на нашето истражување  меѓу другото  е и анализата на Годишната програма за работата на Општинскиот младински совет за 2016  со вкупен буџет од 201.000  ден. Планирани се повеќе активности меѓу кои:

- Овозможување на неформално образование, тренинзи, обуки и развој на вештини кај младите;
- Обезбедување на активно учество на  младите во креирањето на младинските политики;
- Проектирање на видео проекции со едукативна содржина за млади во основно и средно образование;
- Организирање средби со млади со цел претставување на нивните интереси и потреби и сл.

Исто така преку мониторингот констатиравме низа активности спроведени со ученици од основните и средното училиште  поврзани со јавното здравје, со заштитата и справување од пожари , како и учество на учениците во многу проекти, во  локални и регионални натпревари со цел нивно унапредување во  воспитно – образовниот процес.

За потребите на основното училиште Ѓорѓи Пулески од с. Ростуше, како и гимназијата Маврово Ростуше  набавени се 6 паметни табли со цел побрзо и поефикасно учење. Исто така во соработка со Министерството за труд и социјална политика и МОН организирани се трибини  со средношколците  на тема „Одбиј работа на црно" со цел младите да се запознаат со нивните права и обврски во однос на вработувањето. Повеќето од јавните политики кои континуирано се објавуваат и ги истражуваме се во насока на подобрување на воспитно образовниот процес во основните и средните училишта. Но сепак бројките кои подолу ќе ги посочиме кажуваат друго. Општината треба посериозно да пристапи кон процесот на образованието и да најде можност да ги поттикне младите да се образуваат. Важна е секако соработката и вклученост на сите чинители кои  на директен или индиректен начин можат да помогнат, и овие млади граѓани ги насочат кон патот кој ги води кон успех , а тоа е образованието од кое ќе произлезат кадри кои ќе допринесат во развој и напредок на општина Маврово Ростуше.

## 4. Опис на конкретната политика

Како што веќе споменавме во општина Маврово Ростуше како



конкретна политика која е предмет на нашето истражување е образованието од родов аспект. Со оглед на тоа што развојот на секое општество се темели на образовниот кадар ,а тоа во општина Маврово Ростуше за жал сеуште го идентификуваме како проблем ,па сметаме дека доколку се актуализира потребата од заедничка заложба и предлагање мерки за ублажување на проблемот ќе има резултат. Ова беше констатирано од директните средби со директорот на гимназијата Бајрам Требишки  кој посочи уште дека младите за жал се повеќе иднината ја бараат во една од западно европските држави , а се помалку размислуваат да се запишат на факултет и да останат тука.[4]

Важен фактор во зголемување на можностите за поддршка во барањето алтернативни решенија во ублажување на проблемот со недоволната вклученост на младите посебно на девојките во процесот на образованието, е тоа што образованието е  под  директна надлежност на локалната самоуправа со исклучок на платите за вработените. Што значи сите блок дотации се слеваат во општинското кесе, а потоа наменски се распределуваат по училиштата. Но иако општината истовремено работи на разни проекти чија цел е подобрување на квалитетот на образованието сепак постои одреден јаз кој произведува родова нерамнотежа. Нееднаквоста е евидентирана во образовниот процес посебно во високото образование, па како резултат на тоа се јавува тој јаз и во вработувањето, и во процесот на именување на раководни позиции, и во сите области каде неопходно е воспоставување на подеднаква родова застапеност. Тоа значи дека жената и понатаму е дискриминирана, можеби делумно поради поставеноста на системот, но сепак мажите предничат и во:

- советот на општина и во раководните позиции,
- во вработувањето по институциите,
- во креирањето на локалните политики,
- како сопственици на имот и сл.

Токму затоа, сметајќи дека образованието е клучот во развојот на едно општество, ние како граѓанска организација во рамки на имплементација на проектот „Чуварки на јавно кесе  ја анализираме состојбата на јавните политики во општината од аспект на родово одговорно буџетирање и со наши заклучоци и препораки очекуваме да влијаеме на општинските власти да спроведат мерки кои би резултирале со зголемување на бројот на младинки – студентки од општината во високообразовните институции во државава. Како институции  кои ги таргетиравме и ги вклучивме во процесот на нашата евалуација  се:

- Образовните институции – основните и средните училишта,
- Подрачниот образовен инспекторат,
- Локалната самоуправа во чиј состав влегуваат Одделението за финансии и буџет, Одделението за Образование, Одделението за локален економски развој, Комисијата за еднакви можности, младите како и сите граѓани од оваа општина кои сакаат да се вклучат и да дадат свој придонес во подобрување на состојбата.

[4] Средба со директорот на гимназијата 12.09.2016

## 5. Опфат, корисници, чинители

Во оваа анализа како целна група и директни корисници се младите а посебно женските деца кои според податоците недоволно се вклучени во образовниот процес особено во високото образование. Ја истражуваме состојбата со нивна транзиција од основно, средно, па се до високото образование. Состојбата со основното образование е проблем не само во општината туку и на ниво на цела Македонија поради намалувањето на бројот на новородени деца и масовното иселување на цели семејства од регионот и другите региони во РМ. Според резултатите од истражувањето последните три години трансферот на ученици од основно во средно образование достигнува дури 95%, што според анализите се должи на законската обврска за упис во средно образование, како и бесплатниот превоз, бесплатните учебници како и други мерки што ги спроведува владата за учениците во сите средни училишта во Република Македонија. Но како посериозен проблем за кој податоците покажуваат дека е актуелен, е родовата нееднаквост и недоволниот број на запишани студентки на еден од факултетите во државата. Како примерок кој го таргетиравме се средношколците од гимназијата „Маврово Ростуше" како единствено средно училиште во оваа општина.

**Табела 1** - број на запишани ученици по класови за учебната 2016/2017 во гиманзијата Маврово-Ростуше

| Број на ученици | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Прва година | 11 | 24 | 35 |
| Втора година | 24 | 20 | 44 |
| Трета година | 15 | 15 | 30 |
| Четврта година | 14 | 12 | 26 |
| ВКУПНО | 64 | 71 | 135 |
| Во % | 47,41% | 52,59% | 100% |

Исто така нашата анализа опфати и број на матуранти во учебната 2015/16 год. по населени места на територијата на општина Маврово Ростуше. Резултатите се следни:

**Табела 2** - Број на ученици - матуранти 2015/2016 година на територијата на општина Маврово Ростуше

| Населено место | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Ростуше | 5 | 5 | 10 |
| Јанче | 0 | 1 | 1 |
| Велебрдо | 3 | 2 | 5 |
| Аџиевци | 2 | 1 | 3 |
| Присојница | 2 | 0 | 2 |
| Требиште | 1 | 1 | 2 |
| Скудриње | 8 | 11 | 19 |
| ВКУПНО | 21 | 21 | 42 |

Извор: Директна средба со претставник од регионалниот образовен инспекторат на 20.10.2016



Анализиравме и направивме споредба за тоа колкав е бројот на средношколци кои минатата учебна година го завршиле средното образование во гимназијата Маврово Ростуше и оние кои оваа година се очекува да го завршат средното образование во гимназијата Маврово Ростуше.

Сликата е следна :

**Табела 3** - Број на очекувани матуранти од средните училишта (2015-2017) во гимназијата Маврово Ростуше

| Број на матуранти | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015/16 | 20 | 12 | 32 |
| 2016/17 | 14 | 12 | 26 |

Според податоците надвор од својата општина средно образование во учебната 2015/16 год завршиле 10 ученици од кои 9 девојки и едно машко ,што се потврди фактот дека интересот за средно стручно образование сеуште е поголем кај женските отколку кај машките деца од оваа општина. Исто така беше каква е состојбата со бројот на запишани студенти по населени места од општина Маврово - Ростуше за последните три академски години и дојдовме до следните податоци:

**Табела 4** - Број на запишани студенти по населени места од општина Маврово - Ростуше за последните три академски години

| Населено место | Број на студенти 2014/15 | | Број на студенти 2015/16 | | Број на студенти 2016/17 | | Вкупно за три години 2014-2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски |
| Ростуше | 3 | 2 | 4 | 0 | 4 | 0 | 11 | 2 |
| Велебрдо | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 | 3 |
| Требиште | 0 | 1 | 3 | 0 | 3 | 1 | 6 | 2 |
| Јанче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Аџиевци | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 4 | 1 |
| Присојница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Скудриње | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 3 | 2 |
| ВКУПНО | 6 | 5 | 10 | 1 | 13 | 4 | 29 | 10 |
| Вкупно % | 55% | 45% | 91% | 9% | 76% | 24% | 74% | 26% |

Тоа го прикажавме и графички:

**График 1** - број на запишани студенти (во %) од општина Маврово - Ростуше за последните три академски години



Од приказите јасно се гледа каков е соодносот на момчиња и девојки кои се запишуваат на факултетите и се подготвуваат за идни академски граѓани и ќе допринесат во развојот на општина Маврово – Ростуше. Секако дека нема родова еднаквост, па затоа неопходно е Локалната самоуправа во соработка со бизнис секторот, НВО секторот и другите институции да спроведат мерки и активности кои ќе допринесат во поддршката на младинките што е можно поголем број да се запишуваат на еден од факултетите во државата. Како резултат на директни разговори со 10 девојки кои се школуваат во гимназијата „Маврово Ростуше" беа идентификувани и главните причини поради кои девојките не доволно се запишуваат на факултетите. На прво место беа посочени 2 фактори: економската немоќ на семејствата, и менталитетот на поедини семејства кои за жал сеуште размислуваат дека високото образование не мора да е родово сензитивно и дека треба да им се даде подеднаква шанса и на машкото и на женското дете. Од тука од особена важност е да се изнајдат алтернативни решенија во чие креирање би се вклучиле сите засегнати страни, и да дадат свој придонес, во изнаоѓање можни решенија во насока на подобрување на состојбата со образованието во општина Маврово Ростуше.

По согледаната состојба остварена е уште една средба со директорот на гимназијата Бајрам Требишки чија цел беше да се анализира состојбата околу интересот за студирање на учениците од четврта година. Според Требишки младите многу малку размислуваат за образование или самовработување преку сопствен бизнис, туку иднината ја гледаат во странство каде што живеат или престојуваат нивни блиски роднини, пријатели, комшии. Поттикнати од оваа констатација од страна на нашиот тим беше направена анкета и анализа на интересот на средношколците во гимназијата Маврово - Ростуше за трансфер од средно кон високо образование (ВидиГрафик 2).

**График 2** - интерес за трансфер од средно кон високо образование за средношколците во гимназијата Маврово - Ростуше.






Според добиените резултати јасно се гледа дека за следната академска година според планирањето процентот на девојки заинтересирани за упис е помал и изнесува 41.6% во однос на момчиња кои 50% ќе го продолжат високото образование, што како процент ни за нив не е задоволувачки. Но сепак тоа е само планирање а точните бројки ќе ги дознаеме во октомври 2018 год.

## 6. Буџетска анализа и главни наоди

Општина Маврово - Ростуше на 36-та седница одржана на 23.12.2015 година го има донесено буџетот на општината за 2016 год кој изнесува 169.332.332 ден. како вкупен приход, како расходи 168.032.332 ден со дефицит од 1.300.000 ден. Приходите се обезбедуваат од дотации, од трансфери, од даноци, како и даночни приходи, неданочни приходи и капитални приходи,додека вкупните расходи се расходи од утврдени намени во висина од 166.662.332 денари и расходи од резерви во висина од 1.370.000 денари.

Приходите на буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи,а расходите по намени се утврдени во балансот на расходи.

Буџетски ставки од кои сметаме дека можат да се издвојат средства и да се наменат за потребите на финансирање на мерки и активности чија цел е подобрување на состојбата со младите во процесот на високото образование се следни:

**Табела 5**.- Други релевантни буџетски ставки

| Опис | Предх. буџет | Буџет | Рас. Самофи-нансирање | Рас. дотации | Рас. донации | Рас. кредити | Вк. расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **463110 Трансв. до НВО и фонд.** | 600.000 | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550.000 |
| **464990 Други трансфери** | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| **463150 Транс, до НВО** | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| **464110 Стипендии за студенти** | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **413110 Разновидни расходи** | 630.000 | 630.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 630.000 |
| **46464 Разни трансфери** | 850.000 | 750.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 |
| **К40425 Договорни услуги - културни манифестации и творештва** | 150.000 | 180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| **Вкупно** | **2.330.000** | **2.560.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.560.000** |

Според истражувањето како можен извор од кој може да се издвојат средства за горенаведената намена во општина Маврово Ростуше би бил буџет од 2.560.000 ден.

Овој вкупен буџет се ставки за кои општината нема конкретно дефинирани трошоци за наменски потреби, од каде сметаме дека може да се издвојат средства кои ќе бидат наменети за младите во подобрување на состојбата со унапредување и воспоставување на родова рамнотежа во процесот на образованието со посебен акцент на високото образование. Ставката К40425 Договорни услуги – културни манифестации творештво со претходен буџет од 150.000 ден. и буџет од 180.000 ден. се средства од кои локалните власти можат да издвојат дел кој ќе го наменат за работно ангажирање на девојки или момчиња од оваа општина кои имаат потреба од поддршка. Исто така низ процесот на мониторинг ја анализиравме и ставката 463110 Трансфер за НВО и фондации со буџет од 550.000 денари. И од овие средства би можело дел да се намени за работно ангажирање на младите за време на летниот распуст. Во тој период традиционално во оваа општина се организираат повеќе културни манифестации меѓу кои познатата Галичка свадба, Реканското културно лето ,и др каде младите би биле ангажирани по тимови за организациските активности и подготовките за настаните. Овој стимул е особено интересен за млади кои сакаат да го продолжат своето високо образование но нивните семејства се со пониски примања или невработени. На тој начин општината станува поуспешна ,подомаќинско ги троши парите на граѓаните и поттикнува пораст на образовниот кадар ,а со тоа и унапредување на младите и нивна мотивација да студираат и да не размислуваат да заминат во странство. Тоа со помош на табела го прикажавме на следниот начин:

**Табела 6** - Предлог финансиска поддршка на 10 ученици во Маврово Ростуше

| Вид поддршка | Месечен износ | Месечен износ за 4 момчиња | Месечен износ за 6 девојки | Месечен износ за 10 студенти |
|---|---|---|---|---|
| **Плата** | 10.000 | 40.000 | 60.000 | 100.000 |
| **Персонален данок** | 11,1% | 11,1% | 11,1% | 11,1% |
| **Нето - плата** | 8.890 | 35.560 | 53.340 | 88.900 |
| **Тримесечен износ** | 26.670 | 106.680 | 160.020 | 266.700 |

Натамошната наша анализа се состои проценка колку би ја чинело општината за задоволување на елементарните потреби на оние ученици кои не се во состојба да транзитираат од средно во високо образование,воспоставувајќи при тоа родова рамнотежа и давајќи поголем стимул за девојките.

Според нашите првични пресметки општината Маврово Ростуше доколку издвои од својот буџет 366.700 ден и им овозможи за 4 момчиња и 6 девојки да ги задоволат своите трошоци за превоз, сместување а за храна и им овозможи времено вработување за три месеци во самата општина, во тој случај би им помогнала на 10 студенти да ги покријат трошоците за една академска година. Тоа би бил добар стимул од 36.670 денари на годишно ниво за еден студент, а од друга страна и добра пракса и промоција на работата на самата општина. Ако оваа практика континуирано продолжи има потенцијал да ја зголеми довербата на граѓаните кон локалната самоуправа и би дал дополнителен стимул за



поголем трансфер на млади од средно кон високо образование со што ќе се зголеми бројот на образовен кадар а со тоа и можностите за вработување. Дополнително на овој начин ќе се мотивираат младите, особено девојките, да го прошируваат својот потенцијал во своето место на раѓање а со тоа би се намалиле апетитите за миграција надвор од државата. Исто така на овој начин општината ќе поттикне и родова еднаква застапеност на младите во процесот на високото образование.

## 7. Добри примери и практики

Како добар пример би го посочиле примерот со општина Дебар кој од сопствен буџет и во соработка со бизнис сектор помага финансиски на студенти на кои тоа им е неопходно. Пракса на општина Дебар е секоја академска година да објавува оглас за студенти од ранливи категории на граѓани, деца без родители, социјални случаи и др. Преку овој оглас општината им доделува годишни повратни билети за студентите кои ги исполнуваат условите по огласот. Секој студент има можност два пати месечно да патува на релација Дебар – Скопје - Дебар во текот на една академска година, со можност наредната година повторно да се пријави на огласот и истата мерка да продолжи да ја користи. Оваа мерка оваа академска година ја користат вкупно 30 студенти и истата општината ја чини вкупно 360.000 ден. на годишно ниво.

Исто така како позитивна практика повторно би ја желе општина Дебар која има добра соработка со бизнис секторот и невладиниот сектор. Секоја година од страна на граѓанска организација се прави анализа за потребите од дефицитарни кадри во поголемите компании како што се Кнауф, Дебарски бањи и др. од Дебар, кои што стипендираат студенти кои им требаат како кадри во своите фирми. Тие стипендираат доктори, физиотерапевти, инженери како нивни дефицитарни кадри во иднина за кои им е обезбедено и работно место по нивното завршување на студиите.

## 8. Заклучок и препораки

- Општина Маврово–Ростуше е атрактивна, конкурентна, економски развиена туристичка дестинација препознатлива по своите културни убавини и можности за инвестирање.
- Работи одговорно и транспарентно и сите информации навремено ги добиваат граѓаните преку нивниот веб сајтот: www.mavrovoirostuse.gov.mk.
- Има добра соработка со државните институции ,со бизнис секторот, со невладиниот сектор и со граѓаните и имплементира проекти во насока на подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните кои живеат во неа.
- Отворена е за соработка за активност како што нашиот тим спроведе – мониторирање на нејзината работа, и во секое време информациите и потребната документација ги дава навремено со цел надминување на евентуални недостатоци и подобрување на состојби како што е нашата цел во однос на РОБ.

- Во годишните планови и буџетски алокации планира мерки и активности ,но недоволно такви кои поттикнуваат родова рамнотежа во процесот на образованието .
- Има реален буџет од кој може да се издвојат средства кои ќе ја подобрат состојбата околу недоволната вклученост на младите во процесот на високото образование

## 9. Препораки

Со цел подобрување на состојбата на РОБ препорачуваме:

- локалната самоуправа во континуитет да организира настани каде ќе бидат вклучени повеќе жени.
- Да продолжи со праксата да соработува со граѓанскиот сектор и да биде партнер во проекти чија цел е еманципација на жената, едукација на разни теми поврзани со човекови права, РОБ, претприемништво и сл., со цел жените од оваа општина се повеќе да бидат вклучени во најразлични сфери.
- Да организира обуки, курсеви за преквалификација и да наоѓа можности за влез на странски капитал со цел намалување на невработеноста а со тоа и намалување на иселувањето на младите
- Да најде можност да предлага мерки за младите посебно девојките кои ќе ги мотивираат да го продолжат своето високо образование и да размислуваат да допринесат во својата општина.
- Да формира тим кој ќе ги анализира горе-предложените мерки преку општинскиот буџет и истите да може да ги примени во пракса со што ќе допринесе во младински просперитет а и надминување на нееднаквоста на младите од родов аспект во однос на транзитот во високото образование.

## 10. Литература


- Буџет на општина Маврово – Ростуше за 2016 година достапен на Годишна програма за работа на општинскиот младински совет за 2016 година.
- Службени гласници од 2016 година бр. 1, бр. 2, бр. 3
- Општина Маврово и Ростуше: www.mavrovoirostuse.gov.mk